**ОПШТИНА БИТОЛА**

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Програмата за заштита на животната средина за 2025 година („Службен гласник на Општина Битола" бр.20/24) и Записниците од седниците на Комисијата за човекова средина од бр.0920-59/2 од 23.04.2025 година и Комисијата за финансии и буџет бр.0911-60/2 од 23.04.2025 година, Општина Битола објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Битола за набавка на инвертер клима уреди за 2025 година

### 1. Опис на јавниот повик

1.1. Општина Битола, со цел да ги стимулира граѓаните за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на домаќинствата, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата и не влијаат врз климатските промени, ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените финансиски средства за инвертер клима уреди набавени во периодот од денот на објавувањето на овој Јавен повик.

1.2. Средствата што ќе ги надоместува Општина Битола се во вредност од 50% од вкупната цена на чинење на уредот но не повеќе од 25.000,00 денари.

1.3. Јавниот повик е објавен на веб страната на Општина Битола и истиот ќе се спроведи електронски преку следниот линк www.subvencii-bitola.com

1.4. Услов за учество на Јавниот повик е барателот и членовите на неговото потесно семејство со иста адреса на живеење по лична карта да немаат искористено субвенција за набавка на инвертер клима уреди од претходни јавни повици спроведени од Општина Битола во последните 5 години.

### 2. Начин на пријавување на јавниот повик

2.1. **Право на учество на овој Јавен повик имаат сите заинтересирани физички лица - жители на Општина Битола кои имаат набавено инвертер клима уреди за затоплување на домаќинствата од 23.04.2025 година до 29.04.2025 година** и кои ги исполнуваат условите дадени во јавниот повик.
Електронското аплицирање започнува од **30.04.2025 година од 08:00 часот до 06.05.2025 година 15:30 часот.** На јавниот повик немаат право на учество сопствениците на станбени објекти кои се се' уште во фаза на изградба.
2.2. За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество се исполнети, барателот на електронскиот систем за аплицирање ги прикачува следните документи:

- **Скенирана Изјава заверена на нотар од барателот дека лично тој или член на неговото потесно семејство немаат искористено право на поврат на средства за набавка на инвертер клима уреди, на претходни јавни повици спроведени од Општина Битола и дека дава согласност за користење и обработка на неговите лични податоци**
- **Скенирана важечка лична карта или патна исправа на барателот.**
- **Скенирана трансакциона сметка на име на барателот.**
- **Скенирана оригинал фискална сметка како доказ дека е извршена целосна исплата на вредноста на инвертер клима уредот ( со датум од 23.04.2025 година до 29.04.2025година)**

**(Напомена: апликантот потребно е да прикачи само една фискална сметка)**

**НАПОМЕНА:**
***Доколку кон апликацијата се прикачени повеќе фискални сметки, Комисијата ќе ја уважи само онаа со највисоко исплатен износ, а другите фискални сметки нема да ги земе предвид.**
***Апликантот има право да ја корегира апликацијата но не повеќе од три пати. При секоја корегирана апликација, барателот добива нов реден број при што претходната/ите апликација/ии се поништува/ат.**

2.3 Доколку има две или повеќе барања од лица кои живеат на иста адреса на живеење по лична карта, добитник на надоместок може да биде само лицето кое прво аплицирало од таа адреса на живеење освен во случаите од точка 2.4.

2.4 Доколку како апликант се јави лице чија што адреса на живеење соодветствува со адресата на живеење на добитници на претходни јавни повици за финансиски надоместок за набавка нови инвертер клима уреди од страна на Општина Битола има право да докажи дека се работи за различни влезови во станбен објект со приложување на соодветна документација побарана од Комисијата.

**3. Начин на спроведување на јавниот повик**

3.1 Бројот на добитници е ограничен до висина на определениот износ од Програмата за животна средина на Општина Битола за 2025 година од 3.000.000,00 (три милиони) денари вклучувајќи го и персоналниот данок на личен доход од 11,111%.

3.2 Комисијата формирана со Решение од Градоначалник, ќе состави прелиминарна листа на добитници на надоместокот на апликанти кои ги исполнуваат условите до исцрпување на износот наведен во точка 3.1 од овој Јавен повик при што истата ќе биди објавена на веб страната на Општина Битола.

3.3 Незадоволните апликанти имаат право да поднесат приговор (во хартиена форма до приемните шалтери во Општина Битола со назнака „Приговор по јавен повик за надоместување на дел од трошоците за набавка на инвертер клима уреди за 2025 година") во рок од 3 дена по објавувањето на прелиминарната листа до Комисија за разгледување на приговори формирана од Градоначалникот составена од членови кои претходно не учествувале во разгледувањето на документацијата по наведениот јавен повик.
Пристигнатите приговори се разгледуваат во рок од 3 дена по завршување на рокот за поднесување на приговори.

3.4 Во рок од 3 дена по завршување на рокот за разгледување на приговорите, Комисијата за разгледување и одлучување по апликациите до Градоначалникот на Општина Битола поднесува листа на добитници и истата се објавува на веб страната на Општина Битола.

3.5 Доколку Комисијата за разгледување и одлучување по апликациите има потреба од дополнително утврдување на фактичката состојба, може да побара од апликантот да достави дополнителна документација или да ја утврди состојбата на терен.

3.6 Исплатата ќе се врши по редослед на поднесените апликациии до исцрпување на средствата предвидени за оваа намена во Буџетот на Општина Битола, односно согласно принципот – **„прв аплицирал прв услужен**”.

**4. Начин на остварување на правото на надоместок**

4.1. Градоначалникот на Општина Битола ќе донесе Решение за исплата на надоместокот во вредност од 50% од вкупната цена на чинење на уредот но не повеќе од 25.000,00 денари за набавка на инвертер клима уреди, доколку утврди дека се исполнети условите од овој Јавен повик.

Бр 08-441/1
23.04.2025 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА БИТОЛА
Тони Коњановски